# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
**на**
**Општина Ранковце**

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Ранковце<br>Издавач: Општина Ранковце<br>излегува по потреба | Година XXVII број 4<br>28 Април 2026 година<br>Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за неодземање на мандат на член на Совет**

1.Се прогласува Одлуката за неодземање на мандат на член на Совет донесена на 8-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.04.2026 година.

2.Одлуката за неодземање на мандат на член на Совет, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-623/1**
**24.04.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 46 став 3 и 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 32 став 3 и 4 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 08-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За неодземање на мандат на член на Совет**

Член 1
Не се одзема мандатот на членот на Советот на Општина Ранковце Горан Младеновски.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-542/4**
**23.04.2026 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**

1.Се прогласува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.04.2026 година.
2.Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-623/2**
**24.04.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ” бр.202/24) член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.61/04, бр.96/04; бр.67/07; бр.156/09; бр.47/11; 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ бр.244/19; 53/21; 77/21; 150/21; 173/22; 170/24 и 37/25), член 31 од Законот за буџетите(„Службен весник на РМ” бр.64/05 ;04/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11; 171/12; 192/15 и 167/16 и („Службен весник на РСМ” бр.151/21 и 3/25), член 93 став 2 и член 94 – а од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ” бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18 и 275/19 и „Службен весник на РСМ” бр.14/20; 215/21; 99/22 и 208/24), врз основа на член 7 од Законот за изменување на законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Северна Македонија(„Службен весник на РСМ“ бр.51/24 и 39/26), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавни обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи устнови, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ („Службен весник на РСМ” бр.51/20 и 172/21), Колективен договор на Општина Ранковце бр.04-1420/1 од 29.12.2022 година член 23, став1, точка 4 од Статутот на Општина Ранковце (“Службен гласник на Општина Ранковце, бр.09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 8-мата седницата одржана на ден 23.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година („Службен гласник на Општина Ранковце'' бр.13/2025 година), членот 9 став 1 точка 1 се менува и гласи:

„Коефициентот за утврдување на плата на избрани и именувани лица во РСМ, Градоначалник се определува според бројот на жители и за Општина Ранковце изнесува 1,90 а основица за пресметување е просечната исплатена месечна плата по вработен во Република Северна Македонија за претходнта година, според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика’’.

**Член 2**

Член 17 став 2 се менува и гласи:

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработените во општината и локалната јавна установа се планираат и исплаќаат од програмата Е0 – Општинска администрација, Н1 – Основно образование и Ѕ0 – Противпожарна заштита на ставка 464 - Разни трансфери, потставка 464940 – Трансфери при пензионирање.

Член 17 став 4 се менува и гласи:

Исплата на име јубилејни награди се планираат и исплаќаат од програмата Е0 – Општинска администрација, Н1 – Основно образование и Ѕ0 – Противпожарна заштита на ставка 464 – Разни трансфери, потставка 464990 – Други трансфери.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Ранковце’’, а ќе се применува од 01.02.2026 година.

**Бр. 09-542/5**
**23.04.2026**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на улица во с.Ранковце’’-Крак 1 од км 0+200 до км 0+420

1.Се прогласува Одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на улица во с.Ранковце’’-Крак 1 од км 0+200 до км 0+420, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.04.2026 година.

2. Одлуката за кофинансирање на проектот „ Изградба на улица во с.Ранковце’’-Крак 1 од км 0+200 до км 0+420, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-623/3**
**24.04.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 8-та седницата одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За кофинансирање на проектот**
**„Изградба на улица во с.Ранковце" – Крак 1 од км 0+200 до км 0+420**

Член 1

За реализација на проектот „Изградба на улица во с.Ранковце"– Крак 1 од км 0+200 до км 0+420 од Потпрограмата 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/26) на Министерство за транспорт, Општина Ранковце од сопствениот буџет ќе учествува со кофинансирање од 30% од вкупната одобрена вредност на проектот со ДДВ .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце''.

**Бр. 09-542/6**
**23.04.2026 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8703/1, КО Петралица**

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8703/1, КО Петралица, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.04.2026 година.
2. Одлуката за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8703/1, КО Петралица, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-623/4**
**24.04.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („ Службен весник на РМ" бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РСМ" бр. 174/2021), член 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („ Службен весник на РМ" бр.56/2011 и 162/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општината Ранковце на седницата одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр. 8703/1, КО Петралица**

Член 1

Се утврдува потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица.

Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдување потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица се наоѓа на к.п.бр. 8703/1, КО Петралица, м.в. „Трска" сопственост на Јовица Крстевски и Мартин Крстовски.

Член 3

За овој локалитет нема урбанистички планови, ниту локална урбанистичка планска документација.

Член 4

Со изработка на урбанистичката- планска документација на овој локалитет ќе се предвиди намена домување во станбени куќи – А1.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр. 09-542/7**
**23.04.2026 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за објавување на јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за објавување јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.04.2026 година.

2.Одлуката за објавување јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-623/5**
**24.04.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 08-та седница одржана на ден 09.04.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за објавување на јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**

**Член 1**

Да се објави јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-

Ранковце со седиште во с.Ранковце, Населено место без уличен систем, 1316 Општина Ранковце.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.09-542/9**
**23.04.2026 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 89/2022, 274/2022 и 208/24), и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 213/2024), Советот на Општина Ранковце, објавува

## ЈАВЕН ПОВИК БРОЈ 1/2026
## за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце

Советот на Општина Ранковце објавува јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 5 (пет) члена на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце со седиште во с.Ранковце, Населено место без уличен систем, 1316 Општина Ранковце,.

Кандидатите за членови на Управниот одбор треба да ги исполнуваат следниве услови утврдени во Законот за јавни претпријатија:

- да е државјанин на РСМ;
- да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност; и
- да имаат најмалку пет години работно искуство од кои најмалку еден член со работно искуство од пет години од областа на финансиско работење и

најмалку еден член со работно искуство од пет години од областа на правните работи.

Во прилог на Пријавата кандидатите како доказ за исполнување на условите за член
на Управен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден Ранковце потребно е да ги достават следниве докази:

- уверение за државјанство на РСМ;
- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен vii/1 степен образование;
- потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- потврда за евидентиран стаж од фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ;
- кратка биографија; и
- сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

Доказите треба да бидат доставени во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар.

Кандидатот поднесува пополнета Пријава на образец за пријавување на јавниот повик пропишан од Министерот за економија и труд, која е должен да ја пополни во целост, прецизно и со точни податоци и заедно со доказите во затворен коверт со напомена „Да не се отвара" а со назнака за Јавен повик бр.1/2026 ја достави директно во Архивата на Општина Ранковце секој работен ден од 7:30 до 15:30 или по пошта со препорачана пратка на следнава адреса: Општина Ранковце, Населено место без уличен систем, 1316 Ранковце

Јавниот повик трае 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот на веб-страницата на Општина Ранковце, а постапката ќе се спроведе согласно Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите.

Некомплетните документи и документите доставени по истекот на рокот за пријавување нема да бидат разгледувани од страна на Комисијата.

Јавниот повик да се објави на веб-страницата на Општина Ранковце и во Службен гласник на Општина Ранковце.

**Бр.09-542/8**
**23.04.2026 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за објавување на јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за објавување јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.04.2026 година.

2.Одлуката за објавување јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-623/6**
**24.04.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 08-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за објавување на јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**

**Член 1**

Да се објави јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце со седиште во с.Ранковце, Населено место без уличен систем, 1316 Општина Ранковце.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.09-542/8**
**23.04.2026 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 89/2022, 274/2022 и 208/24), и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 213/2024), Советот на Општина Ранковце, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК БРОЈ 2/2026**
**за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**

Советот на Општина Ранковце објавува јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 2 (два) члена на Надзорниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце со седиште во с.Ранковце, Населено место без уличен систем, 1316 Општина Ранковце,.

Кандидатите за членови на Надзорниот одбор треба да ги исполнуваат следниве услови утврдени во Законот за јавни претпријатија:

- да е државјанин на РСМ;
- да има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен vii/1 степен образование од областа на економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност; и
- да имаат и содветно работно искуство и тоа:
  1. еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие; и
  2. еден член на Надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиско работење;

Во прилог на Пријавата кандидатите како доказ за исполнување на условите за член

на Управен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден Ранковце потребно е да ги достават следниве докази:

- уверение за државјанство на РСМ;
- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- потврда за евидентиран стаж од фондот за пензиско и инвалидско осигурување на РСМ;
- кратка биографија; и
- сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

Доказите треба да бидат доставени во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар.

Кандидатот поднесува пополнета Пријава на образец за пријавување на јавниот повик која е должен да ја пополни во целост, прецизно и со точни податоци и заедно со доказите во затворен коверт со напомена „Да не се отвара“ а со назнака за Јавен повик бр.2/2026 ја достави директно во Архивата на Општина Ранковце секој работен ден од 7:30 до 15:30 или со препорачана пратка по пошта на следнава адреса: Општина Ранковце, Населено место без уличен систем, 1316 Ранковце

Јавниот повик трае 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот на веб-страницата на Општина Ранковце, а постапката ќе се спроведе согласно Законот за јавни претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите.

Некомплетните документи и документите доставени по истекот на рокот за пријавување нема да бидат разгледувани од страна на Комисијата.

Јавниот повик да се објави на веб-страницата на Општина Ранковце и во Службен гласник на Општина Ранковце.

**Бр.09-542/9**
**23.04.2026 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за давање согласност за распишување јавен повик за членови на иницијативен одбор за организација и одржување на локално младинско собрание на Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за давање согласност за распишување јавен повик за членови на иницијативен одбор за организација и одржување на локално младинско

собрание на Општина Ранковце, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.04.2026 година.

2. Одлуката за давање согласност за распишување јавен повик за членови на иницијативен одбор за организација и одржување на локално младинско собрание на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-623/7**
**24.04.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02), член 66-г од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце” бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22 ), а во врска со член 16, член 17 и член 18 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ бр. 10/20) Советот на Општина Ранковце на 8-та седницата одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За давање согласност за распишување јавен повик за членови на иницијативен одбор за организација и одржување на локално младинско собрание на Општина Ранковце**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за распишување на јавен повик за членови на иницијативен одбор за организација и одржување на локално младинско собрание на Општина Ранковце.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ранковце.

**Бр. 09-542/10**
**23.04.2026 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на заклучокот за Усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за прв квартал, за 2026 година**

1. Се прогласува заклучокот за Усвојување на Квартални извештаи за прв квартал за Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година К1,К2 и К3 донесен, на 8-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.04.2026 година.
2. Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи за прв квартал за Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година К1, К2 и К3, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-623/8**
**24.04.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр.22/24 ) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 8-та седница одржана на ден 23. 04. 2026 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за прв квартал, за 2026 година**

1. СЕ УСВОЈУВААТ Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за прв квартал, за 2026 година.

2. Составен дел на овој Заклучок се Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за прв квартал, за 2026 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.09-542/11**
**23.04.2026 год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за одобрување на финанасиски средства**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на 8-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 23.04.2026 година.
2. Одлуката за одобрување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-623/9**
**24.04.2026 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајки по Барањето поднесено од Здружение на ловци СЛАВИШКО ПОЛЕ Ранковце со седиште Населено место без уличен систем Петралица, Општина Ранковце преку законскиот застапник Влатко Алексовски, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-110/1 од 20.01.2026 година, Советот на Општина Ранковце на 8-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Се одобрува исплата на финансиски средства во износ на 120.000,00 (стодваесет илјади денари) на Здружение на ловци СЛАВИШКО ПОЛЕ Ранковце со седиште Населено место без уличен систем Петралица, Општина Ранковце, со ЕМБ 4027507 и

ЕДБ 4015968101503 како финансиска помош за реализација на активностите предвидени во Програмата за дејствување на Здружение на ловци СЛАВИШКО ПОЛЕ Ранковце, за 2026 година бр.03-02/2 од 20.01.2026 година.

**Член 2**

Финансиските средства од член еден на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на општина Ранковце, од програмата ЕО-Општинска администрација, категорија 46 Субвенции и трансфери, ставка 464 Разни трансфери, потставка 464990 Други трансфери на сметка на Здружение на ловци СЛАВИШКО ПОЛЕ Ранковце со седиште Населено место без уличен систем Петралица, Општина Ранковце.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот на Општина Ранковце да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-542/12**
**23.04.2026 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлука за неодземање на мандат на член на Совет**
2. **О Д Л У К А за неодземање на мандат на член на Совет**
3. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**
4. **О Д Л У К А за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2026 година**
5. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на улица во с.Ранковце”-Крак 1 од км 0+200 до км 0+420**
6. **ОДЛУКА За кофинансирање на проектот „Изградба на улица во с.Ранковце” – Крак 1 од км 0+200 до км 0+420**
7. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8703/1, КО Петралица**
8. **О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр. 8703/1, КО Петралица**
9. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за објавување на јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**
10. **ОДЛУКА за објавување на јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**
11. **ЈАВЕН ПОВИК БРОЈ 1/2026 за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**
12. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за објавување на јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**
13. **ОДЛУКА за објавување на јавен повик за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**
14. **ЈАВЕН ПОВИК БРОЈ 2/2026 за пријавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце**
15. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за давање согласност за распишување јавен повик за членови на иницијативен одбор за организација и одржување на локално младинско собрание на Општина Ранковце**

16. **О Д Л У К А за давање согласност за распишување јавен повик за членови на иницијативен одбор за организација и одржување на локално младинско собрание на Општина Ранковце**
17. **З А К Л У Ч О К За прогласување на заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за прв квартал, за 2026 година**
18. **З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за прв квартал, за 2026 година**
19. **З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлука за одобрување на финанасиски средства**
20. **О Д Л У К А за одобрување на финансиски средства**

---